Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-377/2
06-07-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–377/1 од 30.05.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-377/1 од 30.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

### Образложение

Подносителот вработен, односно поставен во служба во Армијата на РСМ. Со наредба истиот е поставен на формациско место со непосредно понизок чин, додека моментално имало слободно место Началник на Воена амбуланта Скопје при Военомедицинскиот центар. Согласно член 75 став 4 точка 1 од Законот за служба во АРСМ, активен воен персонал – офицер, односно подофицер може да биде поставен на формациско место со непосредно понизок чин поради укинување на формациското место на кое бил поставен, а нема можност да биде поставен на друго формациско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите според неговиот чин. Следствено, подносителот пред наредбата бил поставен на формациско место мајор/потполковник БГ (бодовна група) 8, а со наредбата е поставен на формациско место со помала БГ, што според него е спорно и спротивно на одредбите од наведениот закон. Понатаму, според член 215 став 1 од горенаведениот закон, професионален војник на кој службата во Армијата му престанува со навршување на 45 години возраст, најмалку шест месеци пред истекот на договорот за работа, остварува пакет за враќање во цивилен живот, а според ставот 2 од истиот член, наведеното право го остваруваат и воени старешини, офицер, односно подофицер. Подносителот, наместо да го остварува наведеното право, истиот бил деградиран во понизок чин. Оттука, подносителот наведува дека е еден од најшколуваните и најнаградените старешини во земјата и надвор, како и дека во последните 10 години е оценуван со највисока службена оценка, но иако ги исполнувал сите услови за унапредување во повисок чин, со наредбата од Началникот на Генералштабот на армијата е поставен во понизок чин. Според него, од непознати причини се води кон него дискриминација во однос на образование, работно искуство, функции и др.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.
Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од наодите содржани во претставката најде дека дејствијата, односно истакнатите наводни повреди не можат да се квалификуваат како дискриминација во смисла на членовите 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, туку утврди дека се работи за дејствија поврзани со остварување на права од работен однос. Оттука, Комисијата утврди дека за конкретниот случај предвидени се други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи. Имено, согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи *надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон, врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот*. Како и поведување на соодветни постапки пред надлежен суд во согласност со закон. Следствено, Комисијата одлучи дека конкретната работа не е во нејзина надлежност.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
- Архива на Комисијата